**ЗАПИСНИК**
**од шестата седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 28.12.2017 година**

На шестата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 19 членови на Советот од вкупно 19 членови колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков-Градоначалник на општина Гевгелија, Лилјана Кичукова вработена во општината, Димитар Дојчинов вработен во општината, Станка Карајанова вработена во општината, Ѓорги Гребенаков вработен во општината, Димитар Кречев вработен во општината, Кирил Јанишлиев вработен во општината, Претставник од ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, Претставник од ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, Претставник од ООУ "Климент Охридски"-Миравци, Претставник од ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија, Претставник од ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија, Мира Костадинова-Претставник од локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија, Убавка Вегова директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори шестата Седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од петтата седница одржана на **21.12.2017.**

**Трајче Арџанлиев член на совет** даде забелешка дека во записникот не е опфатено процедуралното излагање на советникот Тодор Ристов и побара да се направи корекција и смета дека не е во ред да се кратат снимки и да се тргнуваат транспарентите после нивното напуштање на седницата..

**Ташко Дојчинов претседател на совет** одговори дека во однос на забелешката записникот ќе биде корегиран и ќе се стави на гласање оваа забелешка а во однос на правото дали требало да има констатација секој советник има право на процедурална забелешка.За транспарентите кои беа поставени јас како претседател одлучувам за редот и работата на седницата и моја беше одлуката да се отстранат и тоа право како претседател го имам.

**Ристо Ѓоргиев член на совет** процедурално смета дека во иднина подобро е да бидат вметнати сите дискусии на советниците да не се прави селекција или ако не се пишуваат дискусиите нека биде тоа пракса за сите точки.

**Томе Кичуков член на совет** смета дека потребно е на некоја од наредните седници на дневен ред да се стави точката Советнички прашања.

Претседателот го стави на гласање записникот од петтата седница со забелешката и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на шестата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Буџет на општина Гевгелија за 2018 година,
2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година,
3. Предлог-Одлука за донесување на буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година,
4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2018 година,
5. Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2018 година.
6. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2018 година,
7. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година,
8. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2018 година,
9. Предлог-Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2018 година,
10. Предлог-Програма за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2018 година,
11. Предлог-Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и згрижување на бездомни животни во општина Гевгелија за 2018 година,
12. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2018 година,

13. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2018 година,
14. Предлог-Програма за комуникација и транспарентност во општина Гевгелија за 2018 година,
15. Предлог-Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2018 година,
16. Предлог-Програма за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година,
17. Предлог-Програма за активностите во областа на социјалната заштита во општина Гевгелија за 2018 година,
18. Предлог-Финансов план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година,
19. Предлог-Финансов план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година,
20. Предлог-Финансов план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година,
21. Предлог-Финансов план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци по програми и потпрограми за 2018 година,
22. Предлог-Финансов план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2018 година,
23. Предлог-Финансов план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија по програми и потпрограми за 2018 година,
24. Предлог-Финансов план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2018 година,
25. Предлог-Финансов план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2018 година,
26. Предлог-Финансов план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2018 година,
27. Предлог-Финансов план на ЈОУ Работнички универзитет"Кирил и Методија"-Гевгелија за 2018 година,
28. Предлог-Финансов план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2018 година,
29. Предлог-Годишен план на локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија,
30. Предлог-Програмски буџет за спроведување на годишниот план на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2018 година,

31. Предлог-Локален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.
32. Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлукатаза организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гевгелија,
33. Предлог-Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2018 година,
34. Предлог-Решение за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија од листата на кандидати за избор од Министерството за внатрешни работи на РМ.

Дополнително се доставени точките:

- Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за снабдување со вода за пиење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година
- Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за собирање и одведување урбани отпадни води на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година
- Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2018 година
-Предлог-Одлука за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот во буџетот на општина Гевгелија за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење"

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

**Тодор Ристов член на Совет** –Предлага првите четири точки да се разгледуваат заедно а да се гласа поединечно и 5,6,7 и 8 да се разгледуваат заедно а да се гласаат поединечно .

**Ристо Камов член на Совет** –Предлага точката под реден број 38 да дојде како точка под реден број 6 а точките 35,36 и 37 да се разгледуваат заедно а да се гласа поединечно . Даде забелешка до општинската администрација во иднина да се пуштаат навремено материјали и тие материјали да бидат комплетни.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет го стави на гласање предлогот** првите четири точки да се разгледуваат заедно а да се гласа поединечно ,точките 5,6,7 и 8 да се разгледуваат заедно а да се гласа поединечно ,точките 35,36 и 37 да се разгледуваат заедно а да се гласа поединечно и точките 29,30 и 31 да се разгледуваат заедно а да се гласа поединечно и **Советот едногласно го усвои.**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1. Предлог-Буџет на општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година.

Во претресот по точките под реден број 1,2,3 и 4 учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината, Ристо Камов, Тихоми Ручкоманов,Марија Магдинчева-Шопова,Зоран Лазаровски,Андон Сарамандов,Магдалена Делковска,Тодор Ристов,Трајче Арџанлиев,Томе Кичуков-членови на Совет, Сашо Поцков –Градоначалник на општината .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" го усвои.**

**Точка 2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година.**

Бидејќи претходно се расправаше по оваа точка претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 3. Предлог-Одлука за донесување на буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година.**

Бидејќи претходно се расправаше по оваа точка претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за донесување на буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2018 година .**

Бидејќи претходно се расправаше по оваа точка претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 5. Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2018 година.**

Во претресот по точките под реден број 5,6,7 и 8 учествуваа: **Димитар Дојчинов вработен во општината, Станка Карајанова вработена во општината ,Елизабета Јаневски,Ристо Камов,Даниела Иљкова,Андон Сарамандов,Игор Илков,Зоран Лазаровски,Ангелинка Петкова,Магдалена Делковска,-Членови на совет .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 6. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2018 година.**

Бидејќи претходно се расправаше по оваа точка претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 7. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година.**

Бидејќи претходно се расправаше по оваа точка претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година со измените кои ги направи предлагачот и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 8. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2018 година.**

Бидејќи претходно се расправаше по оваа точка претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 38. Предлог-Одлука за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот во буџетот на општина Гевгелија за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот во буџетот на општина Гевгелија за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење

Во претресот по Предлог-Одлуката учествуваа: **Димитар Дојчинов вработен во општината,Ристо Камов,Зоран Лазаровски-членови на совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот во буџетот на општина Гевгелија за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои .**

**Точка 9. Предлог-Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2018 година.

Во претресот по Предлог-Програмата учествуваа: **Станка Карајанова вработена во општината,Марија Магдинчева – Шопова –член на совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои .**

**Точка 10. Предлог-Програма за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2018 година.

Во претресот по Предлог-Програмата учествуваа: **Ѓорги Гребенаков вработен во општината, Снежана Ташевски,Митко Алчинов,Тодор Ристов,Ристо Камов-членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои .**

**Точка 11.Предлог-Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и згрижување на бездомни животни во општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и згрижување на бездомни животни во општина Гевгелија за 2018 година

Во претресот по Предлог-Програмата учествуваа: **Димитар Кречев вработен во општината, Ристо Камов,Марија Магдинчева-Шопова ,Снежана Ташевски,Даниела Иљкова-членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и згрижување на бездомни животни во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои .**

**Точка 12. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2018 година.

Во претресот по Предлог-Програмата учествуваа: **Кирил Јанишлиев вработен во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмат за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои .**

**Точка 13. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2018 година.

Во претресот по Предлог-Програмата учествуваа: **Кирил Јанишлиев вработен во општината,Магдалена Делковска,Марија Магдинчева-Шопова-членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои .**

**Точка 14. Предлог-Програма за комуникација и транспарентност во општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за комуникација и транспарентност во општина Гевгелија за 2018 година.

Во претресот по Предлог-Програмата учествуваа: **Кирил Јанишлиев вработен во општината Ристо Камов,Зоран Лазаровски,Тихомир Ручкоманов-членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за комуникација и транспарентност во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои .**

**Точка 15. Предлог-Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2018 година.

Во претресот по Предлог-Програмата учествуваа: **Ристо Камов,Даниела Иљкова,Перо Стојанов-членови на Совет,Сашо Поцков-градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" ја усвои .**

**Точка 16. Предлог-Програма за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година

Во претресот по Предлог-Програмата учествуваа: **Митко Алчинов-член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 15 гласа "за" ја усвои .**

**Точка 17. Предлог-Програма за активностите во областа на социјалната заштита во општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за активностите во областа на социјалната заштита во општина Гевгелија за 2018 година.

Во претресот по Предлог-Програмата учествуваа: **Ангелинка Петкова-член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите во областа на социјалната заштита во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои .**

**Точка 18. Предлог-Финансов план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година

Бидејќи никој не се јави за збор и не беше присутен претставник претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" го усвои .**

**Точка 19. Предлог-Финансов план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година.

Во претресот по Предлог-Финансовиот план учествуваа: **Претставник од ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија ,Томе Кичуков,Тодор Ристов-членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година и **Советот со 17 гласа "за" го усвои .**

**Точка 20. Предлог-Финансов план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година.

Во претресот по Предлог-Финансовиот план учествуваа: **Претставник од ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија,Томе Кичуков,Виктор Кралев-член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија по ставки и потставки за 2018 година и **Советот со 17 гласа "за" го усвои .**

**Точка 21. Предлог-Финансов план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци по програми и потпрограми за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци по програми и потпрограми за 2018 година.

Бидејќи никој не се јави за збор и не беше присутен претставник претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци по програми и потпрограми за 2018 година и **Советот со 17 гласа "за" го усвои .**

**Точка 22. Предлог-Финансов план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2018 година.

Во претресот по Предлог-Финансовиот план учествуваа: **Претставник од ООУ "Климент Охридски"-Миравци**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2018 година и **Советот со 17 гласа "за" го усвои .**

**Точка 23. Предлог-Финансов план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија по програми и потпрограми за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија по програми и потпрограми за 2018 година.

Во претресот по Предлог-Финансовиот план учествуваа: **Претставник од ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија по програми и потпрограми за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" го усвои .**

**Точка 24. Предлог-Финансов план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2018 година

Во претресот по Предлог-Финансовиот план учествуваа: **Претставник од ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2018 година и **Советот со 17 гласа "за" и 1 не гласал го усвои .**

**Точка 25. Предлог-Финансов план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2018 година

Во претресот по Предлог-Финансовиот план учествуваа: **Виктор Кралев-член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2018 година и **Советот со 17 гласа "за" и 1 не гласал го усвои .**

**Точка 26. Предлог-Финансов план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2018 година

Бидејќи никој не се јави за збор и не беше присутен претставник претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" го усвои .**

**Точка 27. Предлог-Финансов план на ЈОУ Работнички универзитет"Кирил и Методија"-Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет"Кирил и Методија"-Гевгелија за 2018 година

Бидејќи никој не се јави за збор и не беше присутен претставник претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет"Кирил и Методија"-Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" го усвои .**

**Точка 28. Предлог-Финансов план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2018 година.

Бидејќи никој не се јави за збор и не беше присутен претставник претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" го усвои .**

**Точка 29. Предлог-Годишен план на локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишниот план на локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија

Во претресот по точките под реден број 29,30 и 31 учествуваа: **Мира Костадинова-Претставник од локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Годишниот план на локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија и **Советот со 18 гласа "за" го усвои .**

**Точка 30. Предлог-Програмски буџет за спроведување на годишниот план на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2018 година.**

Бидејќи претходно се расправаше по оваа точка претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Програмскиот буџет за спроведување на годишниот план на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" го усвои .**

**Точка 31. Предлог-Локален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.**

Бидејќи претходно се расправаше по оваа точка претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Локалниот акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и **Советот со 18 гласа "за" го усвои .**

**Точка 32. Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Одлукатаза организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гевгелија

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Одлукатаза организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гевгелија и **Советот со 18 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 33. Предлог-Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2018 година**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2018 година.

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 34. Предлог-Решение за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија од листата на кандидати за избор од Министерството за внатрешни работи на РМ.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија од листата на кандидати за избор од Министерството за внатрешни работи на РМ.

Ташко Дојчинов претседател на совет ја објасни постапката за избор на командир и ги соопшти доставените три предлози од Министерот за внатрешни работи а тоа се вработените Миле Ангелков,Пепи Еленски и Горан Динев.

**Во претресот по Предлог-Решението учествуваа:Ристо Камов,Ристо Ѓоргиев,Тодор Ристов - членови на совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Совет го стави на гласање Предлогот за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија да биде избран лицето Миле Ангелков и **Советот со 16 гласа "за" и 1 не гласал** го усвои и за командир се именува лицето Миле Ангелков.

**Точка 35. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за снабдување со вода за пиење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година**.

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за снабдување со вода за пиење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година.

**Во претресот по точките под реден број 35,36 и 37 учествуваа:Убавка Вегова директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,Игор Илков,Марија Магдинчева-Шопова,Ристо Камов,Томе Кичуков,Тодор Ристов,Митко Алчинов-членови на совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за снабдување со вода за пиење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година и **Советот со 14 гласа "за" и 1 не гласал го усвои .**

**Точка 36. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за собирање и одведување урбани отпадни води на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година.**

Бидејќи претходно се расправаше по оваа точка претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за собирање и одведување урбани отпадни води на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година и **Советот со 14 гласа "за" и 1 не гласал го усвои .**

**Точка 37. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година.**

Бидејќи претходно се расправаше по оваа точка претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец"-

Гевгелија за 2018 година и **Советот со 9 гласа "за" , 5 "воздржани" и 1 не гласал го усвои .**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори шестата седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**